**20111513289**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 65 став 3 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" број 99/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.10.2011 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАНОТ, КАКО И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА, ВИСИНАТА НА НЕПРОФИТНАТА ЗАКУПНИНА, НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗАКУПНИНАТА, ПРОСТОРНИТЕ НОРМИ, НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СТАНОТ, ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИ СТАНОВИ, СТАНОВИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ, ЗА ПРИВРЕМЕН ЗАКУП И ЗАКУПОТ НА СТАНОВИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНА НАМЕНА

Член 1

Во Уредбата за Методологија за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена („Службен весник на Република Македонија" број 13/2010 и 30/2010), во членот 13, по ставот 1 (еден) се додава нов став 2 (два), кој гласи:

„(2) По исклучок висината на годишната закупнина на стан кој се доделува за реализација на проекти и програми на Владата, го определува Владата со посебна одлука.“

Член 2

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-6555/1
25 октомври 2011 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.